СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
-Групација за производство и преработка на пластични маси-

*Предлози на Групацијата за производство и преработка на пластични маси за подобрување на условите за работење на субјектите од индустријата на пластика*

-<u>Либерализација на пазарот на електрична енергија и за малите потроошувачи</u>

*Еден од посериозните проблеми со кој* се сретнуваат производителите се високите сметки за електрична енергија . Од страна на Владата на Република Македонија во 2014 година беше донесена одлука за либерилизација на пазарот за електрична енергија која одлука требаше да се применува од почетокот на 2015 година, но дојде до нејзинино одлагање и таквата одлука се уште не е применета.Одлагањето на либерализацијата е на штета на бизнис секторот во Република Македонија, бидејќи Македонија е единствена земја во која покрај реално потрошената електрична енергија се пресметува и силината на електричните удари по Максиграв. На пример, копманија чиј што месечен износ на фактурата за струја е во просек од 800.000,00 денари од кои 450.000,00 денари се реално потрошена електрична енергија а додека останатото е наплата на електричните удари согласно максиграв. Имено доколку се пресметува само реално потрошената електрична енргија сметките за струја би биле помали за околу 350,000,00 денари месечно.

Групацијата предлага да се забрза постапката за либерализација на пазарот на електрична енергија а до тогаш, да се направи интервенција на регулативата со тоа што би се намалил трошокот за пресметувањето на цената на електричната енергија по максиграф.

<u>Субвенционирање на извозот</u>

Компаниите од индустријата на пластика се соочени со потешкотии при нивниот пласман на странските пазари поради големата конкуренција од производи со многу пониска цена, односно цена која е на нивото на цената на чинење на репроматеријалите.
Во актуелните услови на стопанисување, компаниите од оваа индустрија не се во можност да ги намалат цените на своите производи преку намалување на производните трошоци (зголемени се инпутите, цените на суровини и сл.)

Со цел нивно одржување на странските пазари, Групацијата предлага субвенционирање на извозот, со тоа што субвенционирање да биде поединечно, за секој направен извоз во определен процент согласно вредноста на извезената роба.
Со ваквото субвенционирање од страна на државата им се олеснува на производителите при оформувањето на цената на производите, и би се зголемила

конкуретноста, а со самото тоа би дошло и до зголемување на извозот и до пораст на економијата во Република Македонија.

**Поголема застапеност на домашните производи од индустријата на пластика на јавните тендери во државата**

По примерот на Република Србија, каде се стимулира домашниот производ во јавните набавки со тоа што истиот може да биде со повисока цена и до 20% во однос на увозниот а сепак домашниот производ да го добие тендерот.

Се предлага измена на регулативата, донесување одлука со која ќе се стимулира домашниот производ најпрво кај јавните тендери каде што цената на производот би била дури иста со конкурентиот производ, а со тоа ќе се стимулира и приватниот сектор да користи домашни производи.